Проектот е финансиран
од Европската Унија

# Насоки за процесите поврзани со Националните акциски планови за Водечките принципи на ОН за бизнисот и човековите права

Работната група на Обединетите нации им препорачува на владите да го земат предвид следниот процес од пет фази што се состои од 15 чекори. Фазите од 1 до 3 ја опишуваат подготовката на првичниот Национален акциски план - НАП. Фазите 4 и 5 го вклучуваат континуираниот циклус на спроведување, следење и ажурирање на последователните верзии на НАП.

## Фаза 1: Иницирање

1. Барање и објавување на формална изјава за преземање обврска од страна на владата
2. Креирање на формат за меѓуресорна соработка и определување на водство
3. Креирање на формат за соработка со невладините заинтересирани страни
4. Подготовка и објавување на планот за работа и доделување на соодветни ресурси

## Фаза 2: Оценка и консултации

5. Градење на разбирање за неповолните влијанија на бизнисот врз човековите права
6. Идентификување на јазовите во имплементацијата на ВПОН од страна на државата и бизнисите
7. Консултирање на заинтересираните страни и идентификување на приоритетните области

## Фаза 3: Подготовка на првичниот НАП

8. Подготовка на првичниот НАП
9. Консултации во врска со подготовката со заинтересираните страни
10. Финализирање и усвојување на првичниот НАП

## Фаза 4: Спроведување

11. Имплементирање на активностите и продолжување со меѓусекторската соработка
12. Обезбедување на мониторинг од повеќе заинтересирани страни

## Фаза 5: Ажурирање

13. Оценување на влијанијата од претходниот НАП и идентификување на јазовите
14. Консултирање на заинтересираните страни и идентификување на приоритетните области
15. Подготовка на ажуриран НАП, консултации за него и негово финализирање и усвојување

# Модел на содржина за Национален акциски план

Работната група на Обединетите нации ја препорачува следната структура на Националните акциски планови – НАП заедно со клучните елементи што треба да се вклучат во секој дел.

## I. Изјава за преземање обврска

Изречно преземање обврска од страна на владата за заштита и правни лекови против влијанија врз човековите права предизвикани од бизнисот, со особено внимание на влијанијата врз групите со зголемен ризик од изложеност или маргинализација; појаснување дека постојат очекувања деловните претпријатија да ги почитуваат човековите права; упатување на ВПОН како авторитативен документ на кој треба да се базираат НАП; потпишано од лидерот на државата и/или релевантните членови на владите.

## II.Позадина и контекст

Краток вовед за ВПОН; појаснување на врската на НАП со други постојни политички стратегии како на пример национални планови за развој, стратегии за корпоративна општествена одговорност, национални планови за имплементирање на Конвенции и Препораки на Меѓународната организација на трудот, резиме на клучните предизвици во поглед на бизнисот и човековите права идентификувани во чекорите за разјаснување на неповолните влијанија врз човековите права поврзани со бизнисот или оценување на влијанијата од претходниот НАП и идентификување на јазовите.

## III. Очекувања на владата

Појаснување на очекувањата на владата од деловните претпријатија, базирани на Водечките прицили што се насочени кон нив (11-24, 28-31) и дополнителни документи со насоки.

## IV. Одговор на владата

Појаснување како владата тековно ги третира неповолните влијанија од бизнисот врз човековите права и како се обврзува и планира да ги третира во иднина.

**А. Приоритетни области и стратешка ориентација** Дефинирање на приоритетните области и стратешкиот пристап кон бизнисот и човековите права; резиме на резултатите од чекорите за консултирање на заинтересираните страни и идентификување на приоритетните области.

**Б. Тековни и планирани активности** Приказ на тековните и планираните активности на владата што се преземаат за спроведување на Водечките принципи коишто се насочени кон државите (принципи 1-10, 25-28, 30 и 31). Ова може да се прави принцип по принцип или со помош на фокусиран приод што ги идентификува водечките принципи.

**Како илустрација, Водечки принцип 1** Појаснување на постојните и идни обврски преземени од владата за секој од релевантните водечки принципи

**i. Текст на Водечкиот принцип**

**ii. Тековни активности (наведување на тековните активности во врска со Водечкиот принцип)**

**iii. Планирани активности (наведување на планираните активности во врска со принципот)**

## В. Компилација на активностите и модалитетите за имплементација

Компилација на сите идентификувани планирани активности; појаснување на: 1) специфичната цел, 2) активностите што треба да се преземат, 3) доделување на јасни одговорности на релевантните субјекти, 4) временска рамка за имплементација на активностите, 5) показатели за успешност за оценување на имплементацијата и влијанието од активноста.

## V. Следење и ажурирање

Специфицирање на механизмите за следење и ажурирање; појаснување на 1) временската рамка за следно ажурирање на НАП, 2) модалитетите за следење, 3) фокусот на владата.